Врз основа на член 203, член 206, член 209 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник Република Македонија" број 62/05, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12, 13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20 и 151/21), а во врска со член 169 став 6 од Колективниот договор на ниво на работодавач „Град Скопје" - Скопје број 08- 12000-1 од 31.12.2021г., Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач „Град Скопје" - Скопје број 08-1024/1 од 27.01.2022 г. и Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач „Град Скопје" - Скопје број 08-3405/1 од 01.04.2022 г., претставуван од Градоначалникот Данела Арсовска од една страна и Претседателот на Синдикална Организација на Град Скопје Филип Силјановски, од друга страна, на ден 04.05.2022 година, склучија:

## Колективен договор
## за изменување и дополнување на Колективниот договор
## на ниво на работодавач - „Град Скопје" - Скопје

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр.Nr. 08-5209/1
04. 05. 2022 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

### Член 1

Во Колективниот договор на ниво на работодавач „Град Скопје" - Скопје (бр. 08-12000/1 од 31.12.2021 година, Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач „Град Скопје" - Скопје број 08-1024/1 од 27.01.2022 г. и Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач „Град Скопје" - Скопје број 08-3405/1 од 01.04.2022 г., **членот 106** се менува и гласи:

(1) Основната компонента на плата ја сочинуваат:
- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

(2) Минималната плата е онаа која министерот за труд и социјална политика, ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" согласно со закон.

(3) Делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место се вреднува на следниов начин:

| НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ | БОДОВИ |
|---|---|
| Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен | 56 |
| Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 31 |
| Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 11 |
| Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 1 |

(4) Делот на плата за нивото на кое е распореден административниот службеник се вреднува на следниов начин

| **НИВО** | **БОДОВИ** |
|---|---|
| А3 - секретар од трето ниво | 490 |
| Б2 - раководен административен службеник од второ ниво | 323 |
| Б3 - раководен административен службеник од трето ниво | 233 |
| Б4 - раководен административен службеник од четврто ниво | 172 |

| | |
|---|---|
| В1 - стручен административен службеник од прво ниво | 106 |
| В2 - стручен административен службеник од второ ниво | 71 |
| В3 - стручен административен службеник од трето ниво | 56 |
| В4 - стручен административен службеник од четврто ниво | 25 |
| Г1 - помошно - стручен административен службеник од прво ниво | 15 |
| Г2 – помошно - стручен административен службеник од второ ниво | 10 |
| Г3 - помошно - стручен административен службеник од трето ниво | 5 |
| Г4 - помошно - стручен административен службеник од четврто ниво | 1 |

(5) Делот на плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

(6)На административниот службеник кој до стапување во сила на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20 и 215/21) остварил додаток за степен на кариера или има право на степен на кариера, но нема решение, работодавачот со решение ќе го утврди степенот на кариера и ќе се пресметаат дополнителни бодови во вредност на исплатен додаток, во делот на плата за нивото на кое е распореден административниот службеник.

## Член 2

**Во член 109 став 3 се менува и гласи**:

Работните места на административните службеници кои при вршењето на работите се изложени на висок ризик по нивниот живот и здравје ги пропишува Градоначалникот, а висината на износот на додатокот на плата на овие службеници по овој основ ја донесува Советот на Град Скопје на предлог на Градоначалникот.

## Член 3

Во Глава X членовите 159, 160, 161, 162 и 163 се менуваат и гласат

### Член 159

(1) На вработените во Град Скопје може да им се додели парична помош за здравствени потреби под услови определени со овој Колективен договор и тоа за дел од трошоците за лекување и лекови при хоспитализација, хируршки интревенции и рехабилитација, најмногу во нето износ до 50.000,00 денари.

(2) Паричната помош на вработените се определува зависно од реално направените трошоци потврдени со соодветна документација, но најмногу до износот определен во став 1 на овој член.

### Член 160

(1) За начинот на доделување на парична помош од член 159 на овој Колективен договор, Градоначалникот на Град Скопје донесува Правилник.

(2) Во исклучителни случаи висината на паричната помош може да биде повисока од износот утврден во став 1 на овој член, за што одлучува Советот на Град Скопје.

### Член 161

Под вработен во Град Скопје од член 159 став 1 на овој Колективен договор, се подразбира вработен на неопределено време.

### Член 162

За доделување на парична помош Градоначалникот формира Комисија за парична помош, составена од претседател и 4 члена од кои еден член на комисијата е од членовите од репрезентативниот синдикат.

### Член 163

(1) Вработениот кој има потреба од парична помош заради здравствени потреби, поднесува барање и соодветна медицинска документација од здравствена установа за лекување и лекови при хоспитализација, хируршки интревенции и рехабилитација.

(2) Вработениот го доставува барањето за доделување парична помош со соодветна

документација до Комисијата за парична помош.

(3) Барањето од став 2 на овој член е должен да го достави најдоцна во рок од 90 дена од настанувањето на потребите за доделување на парична помош.

(4) Доколку вработниот не е во можност да поднесе барање, барањето во негово име го поднесува член на потесно семејство на вработениот.

**Член 4**

Овој Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач „Град Скопје" - Скопје стапува во сила со денот на неговото склучување.

**ГРАД СКОПЈЕ**
**Градоначалник**

**Данела Арсовска**

**Синдикална организација**
**на Град Скопје**
**Претседател**

**Филип Силјановски**